# Писмо до мојот пријател

Драг пријателе,

Одамна не сме се слушнале, години, децении, векови...
Како си? Те служи ли здравјето? Дали сеуште одиш на планина со она твое планинарско стапче? Знам дека ме канеше многу пати да дојдам со тебе, но ме знаеш, не можам никогаш да ја најдам хармонијата во сопствениот молк, а патот по планината го бара тоа, да се разигра духот со подвиг и молчание.

Монашки ти е подвигот, затоа си како блесок во моите мисли кога ќе се сетам на тебе. Затоа не ме кани во планина, немам ни кондиција, а и не знам да молчам, зборовите се моето оружје и мојот свет, очите само го надополнуваат впечатокот, останав типичен производ од пластика за брза употреба, а нели ни говореа, она си што го јадеш, а ние?
Plastic food for plastic generation... брзо, брзо, брзо...

Вчера пак станав после само 2 часа сон... одамна не можам да спијам. Главата ја полагам се додека не се исцрпам докрај, потоа скрпувам по некој саат и ме држи до следниот ден. И секој ден ме буди еден ист сон, еден ист звук... вода како тече. Немам поим за што се работи, некој потиснат страв, некое претскажување кое не можам да го протумачам... Или тоа е само пукнатата цевка од купатилото која не можам да ја поправам со години, како отворена жива рана е. Понекогаш мислам дека таа, цевката што тече, да не е, ќе пукне и ќе истече нешто од мене. Доријан Греј во водоинсталатерска верзија? Какви само демони сурфаат по моите ганглии? Од каде ли само овие помисли, монструозни и глупаво смешни.
Вчера седев до креветот на син ми, спиеше спокојно, го гледав долго. Дента изгубив нерви, му се развикав, го преплашив. Жена ми вика поарно удри го одошто да го караш, твојот глас е како камшик, зборовите ти се како жилет, сечат месо...од сè што можеше да развијам како талент зарем само тоа ми остана? Осакатен виличар, и до кога? Додека држи порцеланот? А потоа немо копиле, јадик, како куче ќе лежам во мојата затемнета соба огорчен и злобен ќе си ги лижам раните.



Кога ли побрзо порасна син ми? Каде отидоа оние прекрасни мигови... Ќе ме служи ли сеќавањето? Купив камера и апарат, и мобилен со камера, дигитални, нов компјутер, сменив два хард диска со слики, филмови и фотографии од моите деца, и како разулавен маничар ги збирам и ги трупам, небаре ништо нема да остане во главата, но како да ги снимам миризбите? Како трепетот на рацете кога ќе ме гушнеа кога ќе се вратев од работа? Како топлината на првиот бакнеж на ќерка ми? Како да ги снимам тие работи? Ќе го чекам ли мигот на смртта за да се врати сè одеднаш како водопадите на Нијагара? Дали ќе можам да го премотам филмот и да го пуштам неколку пати?

Вчера бев во кинеската продавница, купив голем куфер, од најголемите, за тие пари поголем - здравје. Го купив да ја зберам облеката од татко ми што ја оставив во еден дел од плакарот, ни требаше простор за стварите, децата растат, семејството е поголемо... Го отворив плакарот за прв пат, после 5 години откако умре. Колку пати само се јавував на монасите, се договарав по црквите за да најдам некој кој би ја носел неговата облека, скромна но сепак квалитетна, не сакав да отиде на буниште, да ја фрлам без врска било кому. Ох, само колку пати браќата се понудуваа да ми помогнат, колку пати само ми искачаше нешто итно, па одложував, одложував, одложував...

**- ГОСПОДИ, ГОСПОДИ, ЗОШТО НЕ ГИ ЗАЛЕПИ МОИТЕ СКРШЕНИ СОНИШТА? СИЛНО СЕ МОЛЕВ, ГОСПОДИ, ЗОШТО?**
**- СИНКО, НЕ МОЖЕВ ДА ТИ ГИ ЗЕМАМ ОД РАЦЕТЕ ЗА ДА ГИ ПОПРАВАМ, ТОЛКУ СИЛНО ГИ ДРЖЕШЕ.**

Добар бев, се држев, не заплакав. Ги пакував неговите работи, не можев да се начудам колку скромна облека носел, а беше светски човек. И додека ги диплев алиштата одеднаш застанав стаписан... Не ми се веруваше. Меѓу неговите работи најдов нешто што сум и заборавил дека постои. Додуша, излажав, за тоа пишував во еден весник, во една колумна, и сега тоа што го опишав стоеше пред мене. Во раце пред себе ги држев тегет пантолоните кои татко ми ми ги купи од Вартекс кога ги земав првите оценки од школо. Со нив бев на свадбата на стрина ми и чичко ми, со нив станав пионер, а нема да ги заборавам оти беа толку неудобни, толку крути, па сепак еве ги пред мене, 30 години подоцна, како нови, потполно нови. Во прв миг се насмеав, ми бликнаа убави сеќавања со нив, прошетките со стариот низ парк, одењето на родендени, неколку години од детството кои беа обележани со штофаните тегет пантолони.

Стариот пред да умре како да знаел дека му се ближи крајот, и прошетал по сите свои живи пријатели, онака, да ги види, на по една ракија, да ги поздрави. А не беше болен, си замина по една несреќна случка. Изгледа дека и со годините старите се подготвуваат за заминување, па оттука и неговите постапки. Но меѓу сите работи од моето детство, а кои се расфрлаа по роднини, ѓубришта, по пријатели, по хуманитарни акции, меѓу своите работи ги сокрил моите тегет пантолончиња... готов бев да се разлигавам и изобличам од плачење, мојот омлиен модус-вивенди...

Во тој миг жена ми списка одозгора, пукна цевката во купатилото, пак, по кој знае кој пат, а ново купатило, нема две години. Ја санирав штетата и седнав да одморам, мокар до гола кожа... децата не ги забележаа моите слабачки солзи, се смееја гледајќи ме како стар покиснат мачор..и јас се смеев со нив.

Колу сакав еден ѕид да има пред мене, како ѕидините на Ерусалим големи, неми, тешки, за да можам да удрам со главата, да ме здоболи и физичката болка да ми го смени токот на мислите...........

Малку сум во црква периодов, како да сум на печалба. Моите пријатели од црква, продуховени луѓе, со насмевка ме гледаат, им звидувам понекогаш што нема солза да капнат, онака човечка, од емоција, стабилни, а сепак доволно со душа за покајание да се скрушат. А јас како резил и на мојот епархиски се уште среде литургија се крстам на делот кога свештеникот вика...

... Се молиме за христијански крај на нашиот живот, мирен, непосрамен...
... и ги голтам солзите не од покајание, туку од страв, толкав страв, што помислата за агонијата ги носи, себичноста и стравот е лајт мотив и главен двигател на светов или тоа е мојот матрикс?

До кога само Бог ќе ме трпи? Не знам ни мојот духовник како ме носи воопшто, има ли крај неговото трпение? Секое видување му ковам нова шајка на крстот. Наместо да му ги целивам раните и да му ги лечам помагајќи му со својот подвиг, го туркам во жива кал. Колку боли кога ќе му згрешиш на оној за кој знаеш дека со сигурност ќе ти прости! Како е неодоливо тоа место за демонот наречен табиет, кој го хранам и појам како родено дете, наместо коските да му ги прекршам.

Драг пријателе, грев е да кажам дека нема спас за мене, но ќе биде големо чудо. И те молам, уште едно, поздрави ги твоите, ми недостигате, не сме блиски но ве сакам, искрено, многу ми недостигате. Прости што не се јавувам и не се гледаме, само да помине фркава, само малку да стивнат, овие 10 години...

Јанко Илковски